Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 17-3912/1

31-05-2022 година

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (“Службен Весник на Република Македонија “ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 ) и (“Службен Весник на Република Северна Македонија “ бр.96/19 и 110/19) Министерот за здравство донесе:

**РЕШЕНИЕ**

**за формирање на Национална комисија за рана детекција и скрининг на рак на дебело црево во Република Северна Македонија**

Се формира Национална комисија за рана детекција и скрининг на рак на дебело црево во Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Национална комисија), во следниот состав Членови:

**Член 1**

1. Проф. д-р Калина Старделова Гривчева, Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија – претседател
2. Спец. д-р Јусуф Вејсели , Јавна здравствена установа ГОБ 8 – ми Септември – заменик претседател
3. Асс. Д-р Анче Волкановска Николовска ,Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија – член

4. Спец.Д-р Урим Исахи,Јавна здравствена установа Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија – член
5. Д- р Лидија Чолакова Дервишова, ЗПРЛМ – член
6. Д-р Беким Исмаили, Здружение на семејни лекари – член
7. Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска, Институт за епидемиологија и биостатистика со медицинска информатика – Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, член
8. Ајше Алими , Управа за електронско здравство - член
9. Проф.д-р Славица Куновска, Институт за патологија – Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, член
10 Д-р Силвана Андов , Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија - член
11. Д-р Елена Ристоска – Министерство за здравство, одговорно лице на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија – член
12.М-р Јосиф Мишевски - Министерство за здравство, одговорно лице на Програмата за рана детекција на малигни заболувања во Република Северна Македонија – член
13.М-р Бисера Рахиќ – Институт за јавно здравје на РСМ – член
14.Преставник од одделенето со односи со јавност при Министерство за здравство
15.М-р Маргарита Спасеновска,Канцеларија на СЗО - Скопје

Република Северна Македонија
**Министерство за здравство**

**Член 2**

Работни обврски на Националната комисија:

а) Националната комисија има за цел да го подобри квалитетот на скринингот, рана детекција и третман на рак на дебело црево и намалување на разликите меѓу Република Северна Македонија и земјите на ЕУ во однос на квалитетот на скринингот, раната детекција и третманот на пациентите.

б) Задача на Националната комисија е воспоставување и спроведување на контрола на квалитет на опрема и медицински персонал поврзан со скрининг на рак на дебело црево, негово рано откривање и скрининг, што би се направило преку:

- Подготвување на протокол и патека како пацентот да добие соодветна нега односно рана детекција на скрининг на рак на дебело црево и соодветен преглед, и доставување на резултатите до докторот кој е вклучен во скринингот, до матичниот доктор;
- Подготвување на протокол/патеки за скрининг на рак на дебело црево;
- Прилагодување на националната програма на скрининг на рак на дебело црево со Европскиот водич за скрининг;
- Дефинирање и планирање на буџетот за скрининг на рак на дебело црево;
- Дефинирање на единици кои ги исполнуваат основните услови за скрининг на рак на дебело црево;
- Компјутерско поврзување на скрининг центрите во систем што ќе овозможи рамена на резултати и информации;
- Создавање регистер и архива за скрининг од сите центри која ќе биде достапна за матичните лекари;
- Формирање на канцеларија за скрининг со тим кој ќе го спроведува скринингот;
- Континуирана контрола на квалитет центрите/единиците кои ќе спроведуваат скрининг;
- Континуирана едукација на медицински персонал;
- Доставување на тековни информации за населението поврзани со активностите на комисијата;
- Следење на релевантните правни прописи и насоки;
- Следење, евалуација и акредитација на медицински и немедицински кадар вклучен во скринингот;

в) Членовите на Националната комисија се обврзуваат работните задачи да ги завршат согласно роковите и динамиката утврдени од Министерство за здравство. Членовите на Националната комисија се одговорни за редовно известување на министерот за здравство за тековните активности

) Членовите на Националната комисија се обврзуваат во текот на тековната година најдоцна до омеври да направат нацрт текст со фискални импликации за Програмата за рана декција на алигни заболувања – делот скрининг на рак на дебело црево и да го достават до одговорното ице на Програматаза рана детекцуја на рак на дебело црево.

) Се укажува на Директорите на сите ЈЗУ во целост да го овозможат и подржат работењето на ационалната комисија како и во целост да го поддржат скринингот преку ресурси и термини

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

за истиот. Непостапувањето по укажувањето од ова Решение ќе резултира со конкретни санкции предвидени со Законот за здравствена заштита и со менаџерските договори.

ѓ) Се задолжува Управата за електронско здравство да креира соодветни привилегии за пристап во системот ''Мој термин'', за спроведување на скринингот како и да креира соодветен број на термини во координација со Националната комисија и со ЈЗУ-та каде што се спроведува скринингот.

е) Се задолжува Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија да ги обработува податоците од базата на податоци од Управата за електронско здравство и да доставува извештаи до Националната комисија за текот на скринингот.

**Член 3**

Со влегување во сила на ова Решение престанува да важи решението бр. 22-1256/1 од 04-02-2020 година.

**Член 4**

Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**МИНИСТЕР**
**D-r Bekim Sali**

Подготвил: д-р Елена Ристоска
Одобрил:м-р Екрем Алији дипломиран економист

Доставено до:
- Именуваните
- архива


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk